# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ

# НА

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

# 2022-2026

Мај, 2022

***33 цели, 53 индикатори и 63 проекти за…***

Во 2026 година Илинден да биде економски атрактивна, безбедна, урбанизирана општина со развиена патна и комунална инфраструктура; општина во која се нудат квалитетни образовни, социјални и здравствени услуги и општина партнер на локалниот бизнис и секако во служба на своите граѓани.

# ВОВЕД

Стратешкиот план за развој на Општина Илинден 2022-2026 претставува продолжување на континуираните заложби на општината преку инклузивни форми на планирање граѓаните да ги донесе поблиску до носењето на најважните одлуки поврзани со сите аспекти од нивното живеење.

Првиот стратешки план на општината, насловен како Стратешки план за локален-економски развој на Општина Илинден беше донесен во 2006 година и се однесуваше на периодот од 2006 до 2011 година. Неговиот наследник, Стратешкиот план за локален-економски развој на Општина Илинден 2012-2016 беше донесен во 2012 година, задржувајќи ја постојната методологија на изработка, но скратувајќи го планскиот хоризонт на документот од шест, на пет години.

Во 2017 година беше донесен третиот по ред Стратешки план за локален-економски развој на Општина Илинден, за периодот 2017-2021 година, кој во целост ги задржува како методологијата, така и планскиот хоризонт на својот претходник.

Извонредно значајно и за поздравување е фактот што Општина Илинден е меѓу ретките во земјава која посветено и грижливо го одржува процесот на партиципативно планирање веќе четири последователни циклуси во период од 20 години. Така, од една страна општината веќе успеа неповратно да ја вгради партиципативноста на граѓаните во процесите на планирање и носење одлуки, а од друга обезбеди апсолутен континуитет во планирањето и во трасирањето на идниот развој на општината.









Стратешкиот план за развој на Општина Илинден 2022-2026 е само наследник на ваквите залагања. Со оглед на тоа дека тој претставува основен и клучен стратешко-плански документ на општината кој го насочува развојот на локалната заедница во сите релевантни области, насловот на документот беше прилагоден на неговата содржина, па наместо да го потенцира само локалниот економски развој, тој го опфаќа севкупниот развој на општината во идниот период. Во однос на применетата методологија, хоризонтот на планирање и структурата на документот, тие ќе останаат непроменети, и понатаму задржувајќи го континуитетот во овој дел.

Стратешкиот план за развој на Општина Илинден 2022-2026 претставува системски инструмент за проактивно и одговорно управување со локалните ресурси заради постигнување на зададените развојни цели. Планот го дефинира развојот на вкупно 13 области од интерес, за кои се дефинирани 33 цели, кои би се постигнале преку реализација на 63 предвидени проекти, мерки и активности.

Системската поврзаност на стратешкиот план се обезбедува со негово преточување и разработка во годишните секторски програми за работа на општината, како и со рефлектирање на планираните проекти, мерки и активности во буџетите на локалната самоуправа во следните пет години.

## ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ГЕОРГИЕВСКИ



Почитувани,

Општина Илинден е динамична општина со голем развој и интензитет, и токму затоа е потребно со заедничко залагање, сите ние чинители во локалната заедница, да допринесеме за уште побрз, поинтензивен и поквалитет рамномерен развој во сите населени места во нашата општина.

Затоа, убеден сум дека преку вакви партиципативни процеси заедно со нашето вложување ќе дадеме свој придонес во дефинирање на конкретни проекти кои ќе бидат од суштинско значење, како за граѓаните на Општина Илинден така и за развој на локалната бизнис-клима и претприемништво.

Токму со дефинирањето на конкретните проекти и нивното вклопување во новиот Стратешки план за развој на Општина Илинден 2022-2026, ги дефинираме насоките и воспоставуваме патоказ за наредните пет години како да се развива нашата локална заедница.

Значајно е да се потенцира дека при планирањето на нашите секојдневни активности, размислуваме и за идните генерации, бидејќи тоа претставува интегрален дел од начинот на кој работиме, наша општествена одговорност, одговорно однесување и подобра бизнис-клима.

Воспоставеното партнерство и соработката помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор е единствениот механизам за обезбедување на легитимност на стратешките и акционите планови во создавањето на подобри услови за економски раст, отварање на нови работни места, воспоставување и одржување динамична претприемачка култура и создавање на квалитетни услови за живеење.

На крај, сакам уште еднаш да изразам голема благодарност до сите учесници и поддржувачи на процесот и да искажам подготвеност во мое лично име, како и во име на сите чинители во општината за квалитетна и навремена реализација на овој стратешки документ на Општина Илинден.

Срдечно,

м-р Александар Георгиевски

## КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Општина Илинден како засебна единица на локалната самоуправа функционира од 1996 година, а во претходниот период територијата на општината била во состав на Општина Гази Баба.

Лоцирана е во непосредна близина на градот Скопје, односно на само 10 километри од неговиот центар и го зафаќа источниот дел на Скопската котлина. На запад, Општина Илинден се граничи со Општина Гази Баба, на северозапад со Општина Арачиново, на североисток со Општина Куманово и на југ со Општина Петровец.

Општината има извонредна лоцираност од аспект на сообраќајните коридори, таа претставува централна „раскрсница“ на патните коридори кои ги поврзуваат Скопје, Куманово и Велес, а со оглед на тоа дека низ нејзината територија минуваат и се вкрстуваат два паневропски коридори (8 и 10) нејзиниот потенцијал станува уште понагласен. Дополнително, на територијата на општината е лоциран меѓународниот аеродром Скопје кој е доминантен авио-хаб во државата, а транспортната мрежа ја заокружува и железничката линија која од Скопје, преку Куманово води кон соседна Србија.

Вкупната површина на општината изнесува 106,7 км$^2$, со прилична компакност на територијата. Според податоците од пописот во 2002 година, општината располага со 9430 хектари аграрно земјиште, од кои 6980 хектари или 74% се земјоделско обработливо земјиште, 2400 хектари или 25% се ливади и пасишта и околу 0,5% односно околу 50 хектари се шума. Останатиот дел од територијата, околу 1240 хектари е градежно земјиште. Според ова, може да заклучиме дека Општина Илинден располага со поволни услови како за рурален (земјоделство, сточарство, градинарство, итн.), така и за урбан развој.

Од хидролошки аспект, општината е сиромашна со природни водотеци, но состојбата е значително изменета со каналите за одводнување на површинските и високо подземните води, кои исто така се користат и за наводнување на земјоделските површини. Мрежата во должина од околу 60 километри ја чинат два главни и повеќе споредни канали.

Во состав на општината влегуваат 12 населени места чија местоположба е „пресечена“ со трасата на коридорот 8. Па така, населените места Илинден, Марино, Кадино, Мралино и Миладиновци се лоцирани јужно од коридорот 8, додека Ајватовци, Бунарџик, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци се наоѓаат од северната

страна на коридорот 8. Според последниот попис од 2021 година во општината живеат 17.435 жители, што претставува зголемување од речиси 10% во однос на претходните пописни резултати, што Општина Илинден ја вклучува во неколкуте општини во земјата кои имаат позитивен демографски тренд. Во општината има 6628 живеалишта (куќи и станови), а живеат 5481 семејства. Најголеми населени места се Илинден, Марино, Кадино и Миладиновци.

Во општината е лоцирана најголемата слободна индустриска зона во земјата, но и покрај тоа, благодарение на географската положба, непосредната близина до главниот град, а особено поради развиената инфраструктура, Општина Илинден претставува одлично место за економски развој со исклучителен потенцијал да прерасне во вистински економски центар.

## ПРИСТАП И МЕТОДОЛОГИЈА

Стандардно етаблиранаta методологија за стратешко планирање, која е применета при изработка на оваа стратегија, како и на нејзините три претходнички, се базирана врз водечките принципи на Светска Банка и ОБСЕ токму за ваков вид на планирање и истите се: интегрираност, партиципативност, инклузивност, јавно-приватен дијалог, базираност на анализа на докази, доследност и транспарентност.

Повеќемесечните активности поврзани со изработката на стратешкиот план вклучија повеќе чинители во процесот, како граѓани така и претставници на локални невладини организации, претставници на локалниот бизнис-сектор, локалната администрација, итн.

Квалитативна промена во однос на претходните циклуси на стратешко планирање беше направена преку фокусирање на процесот кон два основни аспекти, првиот наменет за жителите во општината со доминантна тенденција кон зголемување на квалитетот на животот, и вториот, примарно посветен на економската клима и развој на општината, наменет за сите чинители на кои општината им претставува место за деловно работење.

Процесот на изработка на стратешкиот план опфати четири фази:

1. Формирање на тим за координација на активностите, подготовка на план за имплементација на процесот и идентификација на чинители во процесот;
2. Компетитивна проценка - анализа на ресурсите на општината;

3. Изработка на работна верзија на стратешкиот план, и
4. Спроведување на стратешкиот план.

***Фаза 1. Формирање на тим за координација на активностите, подготовка на план за имплементација на процесот и идентификација на чинителите во процесот.***

Во изработката на Стратешкиот план за развој на Општината Илинден 2022-2026 учествуваше одделението за ЛЕР при Општина Илинден, кое помогнато од страна на Градоначалникот и Секретарот на општината, како и од раководителите на организациските единици во општината врз база на претходното искуство во делот на стратешкото планирање, ги определија и моделираа чекорите на процесот, за чија цел се изработи План за имплементација на процесот.

Една од најважните обврски на тимот за координација вклучуваше идентификација на чинителите кои ќе бидат вклучени во процесот на планирање. Вклученоста на граѓаните, претставници на ранливите групи, спортските и невладините организации, јавните институции, експертски тела, како и на економските чинители во општината на балансиран и соодветен начин, претставува предуслов за целосност и комплетност на стратешките насоки за развој на општината, осигурувајќи опфат на сите области кои се од интерес на сите чинители.

***Фаза 2. Компетитивна проценка – аналаиза на ресурсите на Општината***

Од голема важност за одредување на стратегијата е располагањето со прецизни и релевантни податоци за видот, расположливоста и достапноста на локалните ресурси (човечки и материјални), како и познавањето на контекстот на локалното стопанство. Компетитивната процена ќе го користи расположливото квантитативно и квалитативно знаење од економијата, вештините и другите ресурси, сè со цел да се помогне во утврдувањето на стратешките правци за развој. Овие информации, исто така, обезбедуваат и значителна помош при определување на проектите, особено во делот на правење дистинкција помеѓу издржаните и одржливи проекти, наспроти останатите.

Дополнително, во оваа фаза на подготовка на стратегијата беше извршена и анализа на содржината и степенот на реализација на претходната стратегија за развој на општината, а сè со цел да се осигура континуитетот на стратешките правци.

СВОТ-анализата (силните и слабите страни, можностите и опасностите) е инструмент што може да се користи за анализирање на податоците, при изработка на компетитивната анализа. Анализата на општинските ресурси е дадена во СВОТ-анализата и истата е резултат на партиципативно учество на сите чинители во процесот. Правејќи ја анализата со употреба на СВОТ-рамката, најголемиот дел од активностите беа фокусирани

во оние стратешки области каде општината има силни страни и каде што се наоѓаат најголемите потенцијали, но исто така не беа запоставени ниту останатите три сегменти на анализата.

***Фаза 3. Изработка на Стратешкиот план***

Врз база на обезбедените податоци и направените анализи, следен чекор претставуваше изработката на работна верзија на Стратешкиот план, односно дефинирање на целите и проектите по стратешки области. Дефинирањето на целите беше извршено со примена на СМАРТ пристапот според кој целите е потребно да бидат едноставни, мерливи, применливи, реални и временски ограничени.

Во рамки на оваа фаза беа одржани две централни работилници со сите чинители вклучени во процесот, при што фокусот на првата беше ставен на подобрување на квалитетот на животот во општината, додека втората беше фокусирана на подобрување на економската клима и конкурентноста на Општина Илинден. За оваа цел, во работниот дел на изработка на стратешкиот документ директно беа вклучени претставници од локалниот бизнис-сектор (компании од прехранбената индустрија, логистиката, транспортот, трговијата, итн.), претставници на јавниот сектор од општината (локална самоуправа, комунални претпријатија, месните заедници, локални институции од областа на образованието, спортот, инт.), како и претставници од локалните невладини организации. Дополнително, пред одржување на секоја работна средба, општината упати повик за учество и до сите други заинтересирани граѓани од општината осигурувајќи ги на тој начин принципите на транспарентност и целосна инклузивност.

Во рамки на овие работилници беа идентификувани над 100 развојни проекти, кои понатаму преку принцип на приоретизација беа доведени до околу 70-тина.

## ЕЛЕМЕНТИ НА СТРАТЕГИЈАТА

### Визија

Визија е изјава која го опишува консензусот на заинтересираните страни за посакуваната иднина на општината. Форумот за стратешки развој ја дефинираше следната изјава како развојна визија на општината до 2026 година:

*Општина Илинден е економски атрактивна, безбедна, урбанизирана општина со развиена патна и комунална инфраструктура; општина во која се нудат квалитетни образовни, социјални и здравствени услуги и општина со инклузивна локална самоуправа која е во служба на своите граѓани и партнер на локалните компании.*

### Мисија

Изјавата за мисија покажува на кој начин, со кои средства и расположливи ресурси е можно и се планира да се постигне визијата. Форумот за стратешки развој ја дефинираше изјавата за мисија на следниот начин:

*Целосно развиена и квалитетна комунална и патна инфраструктура во сите населени места во општината е предуслов за повисок квалитет во живеењето и уште поголема инвестициска конкурентност на општината. Патната инфраструктура, проектирана, изведена и обележана според највисоките технички стандарди, овозможува посигурен, побрз и поквалитетен транспорт до сите населени места во општината и значително ја подигниува безбедноста на локалното население.*

*Унапредувањето и постојаната грижа за животната средина е заложба на секој наш човек, влог во одржлив развој на општината и наша потреба да осигураме повисок квалитет на живеење.*

*Локалната самоуправа е организирана на принципите на рационалност, ефикасност и експедитивност во давањето на услугите и со самото тоа таа е сервис на граѓаните и правните лица во општината. Транспарентноста, отчетноста и финансиската стабилност остануваат основни постулати во нејзиното раководење. Отвореноста на локалната самоуправа кон граѓаните и невладините организации се наш белег, додека соработката со деловните субјекти и понатаму ќе се одвива во духот на најдобро заемно парнерство заради обезбедување нови инвестиции, дополнителни работни места и економски развој на општината.*

**СВОТ анализа**

СВОТ-анализата на Општина Илинден покажа дека Форумот за стратешки развој вложи многу време и напор за да добие над 44 мислења за силните и слабите страни, за можностите на локалната економија и заканите за локалната економија, како и воопшто, за квалитетот на животот во општината. Сумарно, во продолжение се дадени мислењата на членови на Форумот добиени од деталната СВОТ-анализа.

*Силни страни*

- Исклучително поволна географска положба – пресек на два главни паневропски коридори;
- Лоцираност на меѓународниот аеродром на територија на општината;
- Пристап до железничка инфраструктура;
- Лоцираност на најголемата економска зона во земјата на територија на општината;
- Близината до главниот град како пазар;
- Поволна локална бизнис-клима и ниски општински даноци и такси;
- Постоење на просперитетен, квалитетен, млад стручен кадар;
- Професионална, обучена, услужно ориентирана и партнерска локална администрација;
- Отвореност кон нови идеи на општинските власти, администрацијата и бизнис-секторот;
- Високо ниво на партиципација на граѓаните во носењето одлуки.

*Слаби страни*

- Загаден воздух;
- Недоизградена мрежа на фекална и атмосферска канализација;
- Отсуство на институции за целодневен престој на деца од училишна возраст;
- Непостоење на капацитет за згрижување на деца на возраст од 9 до 24 месеци;
- Недостаток од установа за секундарна здравствена заштита;
- Недостаток од ПП служба;
- Недоволна искористеност на земјоделското земјиште.

*Можности*

- Гасификација на општината;
- Можност за формирање логистички бизнис-центар;
- Кофинансирање на проекти;
- Креирање на јавни-приватни патнерства;
- Подобрување на енергетската ефикасност;
- Развој на транзитен туризам.

*Закани*

- Несоодветна законска легислатива;
- Немање надлежност на локалната самоуправа во здравствената и во социјалната заштита;
- Климатски промени – природни елементарни непогоди;
- Глобална економска криза.

**Стратешки области**

Стратешките области се конкретни полиња за работа во кои општината определила дека сака да дејствува за да ја оствари својата визија. Форумот за стратешки развој на Општина Илинден како стратешки области, односно главни столбови на идниот развој на Општината Илинден, ги определи следните:

- *Локален економски развој;*
- *Урбанизам, патна инфраструктура и транспорт;*
- *Комунална инфрастуктура и услуги;*
- *Животна средина;*
- *Енергетска ефикасност;*
- *Образование;*
- *Здравствена заштита;*
- *Социјална заштита;*
- *Култура;*
- *Спорт и рекреација;*
- *Безбедност;*
- *Невладини организации;*
- *Услуги на локалната самоуправа;*

**Цели**

За секоја идентификувана развојна област Форумот за стратешко планирање дефинираше една или повеќе цели чиј степен на достигнување, квалитативно и мерливо ја определува ефективноста на реализацијата на Стратешкиот план. При определување на целите Форумот особено ги зема предвид резултатите од СВОТ анализата и се стреми да ги искористи идентификуваните силни страни, да ги совлада воочените слаби страни, да се искористат можностите и да се намалат заканите. Во рамки на 13-те стратешки области, форумот дефинираше вкупно 33 цели.

**Индикатори**

Поради следење на степенот на исполнетост на секоја зададена цел, Форумот за стратешки развој воспостави систем од 53 индикатори.

**Проекти**

Конкретните активности предвидени поради постигнување на зацртаните цели се дефинирани на ниво на проекти. Форумот за стратешки развој на Општина Илинден вкупно идентификуваше повеќе од 100, но приоритет добија 63 проекти за развојниот период 2022-2026 година. Освен опис на активностите, задолжителни елементи на проектите претставуваат и изворот/изворите за нивно финансирање и периодот за нивна имплементација.

Дополнителна разработка на предвидените проекти до ниво на активности, одговорни субјекти и потребни финансиски средства, ќе биде извршена од страна на општинската администрација во рамки на годишните планови за работа.

## ПРЕГЛЕД НА СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ, КЛУЧНИТЕ ЦЕЛИ, ИНДИКАТОРИТЕ И ПРОЕКТИТЕ

***ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на локалниот економски развој се следните:

***Цел 1.1 – ПОДОБРИ УСЛОВИ ВО ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ***

*- % на изграденост на патната инфраструктура во локалните економски зони;*

*- % на изграденост на комуналната инфраструктура во локалните економски зони;*

*- број на денови во годината во кои напонот на електричната струја е надвор од пропишаната вредност.*

***Цел 1.2 – ПОГОЛЕМ БРОЈ НА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА***

*- број на деловни објекти кои работат во локалните економски зони;*

*- број (процент) на вработеност во локалната самоуправа - број на новоосновани бизниси во тек на календарска година.*

***Цел 1.3 - РАСТ НА ПОСТОЈНИТЕ И КРЕИРАЊЕ НОВИ ЛОКАЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ БИЗНИСИ***

*- површина на обработувано земјоделско земјиште во однос на вкупно расположливото.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 1.1.1**

**Изградба на патна и комунална инфраструктура во локалните економски зони (стопански комплекс Илинден-фарма, Карагач, Ограѓа, Марино)**

***Опис:*** Цел на проектот е комплетно да се заврши надземната (патна) и подземната (комунална) инфраструктура во економските зони Илинден-фарма, Карагач, Ограѓа и Марино, поради обезбедување на квалитетни услови за развој и целосно искористување на нивните капацитети.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2026 година

**Проект 1.1.2**

**Подобрување на електро-енергетската мрежа заради добивање стабилен напон**

***Опис:*** Несоодветниот квалитет на постојната електро-енергетска мрежа во општината или поконкретно времените осцилации на напонот на електричната струја претставуваат проблем како за жителите на општината, така и за деловните субјекти и се можни причинители за економска штета на истите. Со оглед на ова, Општината во соработка со ЕВН ќе работи на реализирање и отстранување на овој проблем.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2026 година

**Проект 1.2.1**

**Создавање на нови економски зони во општината со намена за лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта и деловни објекти**

***Опис:*** Заради зголемување на конкурентноста на Општината, развој на нови бизниси и нови вработување, општината ќе преземе административни, урбанистичко-правни и други активности кои ќе резултираат со организирање на нови еконономски зони за лесна и незагадувачка индустрија.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2023 година

**Проект 1.2.2**

**Финансиска поддршка за млади до 30 год. за почнување на бизнис**

***Опис:*** Проектот има за цел финансиска помош на млади лица до 30 годишна возраст за почнување на сопствен бизнис (дуќани, занаетчиски работилници, микро-претпријатија и слично). Поддршката опфаќа ослободување на новоформираното правно лице од локални даноци и такси за првите три години.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2023 година

**Проект 1.3.1**

**Пробивање на земјоделски патишта**

***Опис:*** Проектот предвидува пробивање на највbooжните траси на земјоделски патишта во општината се со цел да се олесни пристапот до нивите на локалните земјоделци, да се зголемат површините под насад и да се намалат трошоците за производство.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022-2026, континуирано

**Проект 1.3.2**

**Унапредување на земјоделието преку поддршка на земјоделците со анализи на состав на почва и препораки за земјоделски култури и начин на ѓубрење**

***Опис:*** Целта на проектот е во соработка со Факултетот за земјоделски науки да се зголеми ефективноста на земјоделското производство преку вршење на бесплатни анализи за испитување на составот на почвата и изработка на елаборат со препораки за кои земјоделски култури да се одгледуваат, како и препораки за начинот на ѓубрење на почвата.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022-2026,континуирано

**Проект 1.3.3**

**Обезбедување на административна поддршка за осигурување на родот**

***Опис:*** Со цел давање на дополнителна поддршка на локалните земјоделски стопанства, а поради се почестите временски неприлики предизвикани од климатските промени кои претставуваат ризик по локалните земјоделски бизниси, Општината ќе даде целосна административна поддршка на земјоделските производители заради осигурување на родот и заштита од ефектите предизвикани од климатските промени.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** Континуирано



***УРБАНИЗАМ, ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА И ТРАНСПОРТ***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на урбанизмот и патната инфраструктура се следните:

***Цел 2.1 – ПОГОЛЕМА УРБАНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА***

*- број на населени места со усвоен урбанистички план;*

*- вкупна површина во хектари за која постои урбанистички план.*

***Цел 2.2 – ПОДОБРА ПОВРЗАНОСТ СО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА СО АВТОПАТСКАТА МРЕЖА***

- *Средно просечно растојание од населените места до излез на автопат.*

***Цел 2.3 - ПОГОЛЕМ КВАЛИТЕТ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА***

- *површина на рехабилитирани локални патишта.*

***Цел 2.4 - ПОДОБРА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА***

*- површина на новоизградени и асфалтирани локални улици;*

*- должина на велосипедски патеки.*

***Цел 2.5 – ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА***

- *должина на пешачки патеки и тротоари;*
- *% на патна мрежа со изградени тротоари;*
- *% од патната мрежа со соодветно улично осветлување.*

***Цел 2.6 - ЗГОЛЕМЕН КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИОТ ПРЕВОЗ***

*- % на населени места кои се поврзани со јавен автобуски сообраќај;*

*- % од населението со пристап до јавен автобуски сообраќај;*

*- број на автобуски постојки во населените места меѓусебно оддалечени повеќе од 400 метри.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 2.1.1**

**Зголемување на опфатот и донесување на урбанистички планови за сите населени места во Општината**

***Опис:*** Проектот има за цел, донесување на нови урбанистички планови за населените места Миладиновци, Мралино, Бунарџик, Ајватовци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци. Со новите урбанистички планови ќе се создадаат услови за градба, ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти, за кои е донесено решение за утврдување на правен статус во урбанистичко-планската документација и ќе се создадат услови за откуп на градежното земјиште во државна сопственост, на кое се изградени објектите, за кои е донесено решение за утврдување на правен статус.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2023- 2026 година, континуирано

**Проект 2.1.2**

**Разработка на урбанистичките планови за Илинден, Марино и Кадино**

***Опис:*** Цел на проектот е да се усвојат нови урбанистички планови за населените места Илинден, Марино и Кадино заради обезбедување на нивен понатамошен развој, откуп на градежното земјиште во државна сопственост и вклопување на бесправно изградените објекти, за кои е донесено решение за утврдување на правен статус во урбанистичко-планската документација.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2023-2026 година, континуирано

**Проект 2.2.1**

**Изведба на клучка кај Бунарџик на државниот пат А2**

***Опис:*** Поради обезбедување на побрз пристап на граѓаните од населените места Бунарџик, Ајватовци, Марино, Кадино и на деловните субјекти, особено од локалната економска зона Марино-Кадино, од овој дел на општината до

автопатот А2, Општина Илинден преку Агенцијата за државни патишта ќе се заложи и ќе иницира изградба на нова клучка на државниот пат А2.

***Извор на финансирање:*** Влада на РМ

***Период на реализација:*** 2022–2024 година

**Проект 2.3.1**

**Реконструкција на локалниот пат Миладиновци-Бујковци**

***Опис:*** Проектот има за цел санација и реконструкција на локалниот пат помеѓу населените места Миладиновци и Бујковци сè со цел да се подобри мобилноста, квалитетот и безбедноста на транспортот на жителите од овие населени места.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2023 година

**Проект 2.3.2**

**Реконструкција на локалниот пат Кадино-Мралино**

***Опис:*** Проектот има за цел санација и реконструкција на локалниот пат помеѓу населените места Кадино и Мралино сè со цел да се подобри мобилноста, квалитетот и безбедноста на транспортот на жителите од овие населени места.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2025 година

**Проект 2.4.1**

**Изградба и санација на локални улици – Асфалтирање и проширување на локалните улици и патишта во населените места**

***Опис:*** Проектот има за цел изградба, односно асфалтирање и проширување на патната инфраструктура со нови улици и патишта во сите населени места.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022-2026, континуирано

**Проект 2.4.2**

**Изградба на кружни текови на улиците во населените места Илинден и Кадино**

***Опис:*** Изградба на кружни текови како ново собраќајно решение за зголемување на безбедноста на учесниците на најфреквентните улици во населеното место Илинден, на потегот кај Стопанска Банка и на раскрсницата на улиците 8 и 9, како и на раскрсницата на влезот на населеното место Кадино

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2023–2026 година

**Проект 2.4.3**

**Изградба на мостови**

***Опис:*** Со проектот се предвидува изградба и санација на постоечките мостови, мостот во Јака ул.500 и мостот на влезот на Општина Илинден.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2023–2026 година

**Проект 2.5.1**

**Изградба на пешачки, пешачко-велосипедски патеки/тротоари во сите населени места во Општината.**

***Опис:*** Изградба на нови пешачки и велосипедски патеки за поголема мобилност и безбедност на жителите во сите населени места.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори.

***Период на реализација:*** 2022– 2026 година, континуирано

**Проект 2.5.2**

**Илинден – „СВЕТЛА ОПШТИНА“**

***Опис:*** Проектот опфаќа проширување и модернизација на уличното осветлување со поставување на нови линии на улиците во сите населени места, поставување електрични столбови, зголемување на бројот на нови ЛЕД светилки и тековно одржување на јавното

осветлување. Целта на проектот „СВЕТЛА ОПШТИНА“ е на сите улици на територијата на општината да се постави и модернизира уличното осветлување.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022-2026 година, континуирано

**Проект 2.5.3**

**Подобрување на сообраќајната сигнализација**

***Опис:*** Поради обезбедување на поголема безбедност на учесниците во собраќајот Општина Илинден ќе инвестира во обнова на постојната и поставување на нова посовремена хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација во сите населени места во општината, со приоретизација на најфреквентните патни правци.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022-2026 година, континуирано

**Проект 2.6.1**

**Зголемување на бројот на линии во јавниот автобуски превоз**

***Опис:*** Поради обезбедување на поквалитетен и поефикасен јавен градски превоз за жителите на Општина Илинден, општината ќе поттикне инцијатива пред надлежните органи во Град Скопје, како и во ЈСП Скопје за зголемување на бројот на линии (63 и 66) кои сообраќаат до населените места во Општината.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината, Град Скопје, ЈСП Скопје

***Период на реализација:*** 2022-2026, континуирано

**Проект 2.6.2**

**Зголемување на бројот на постојки (стојалишта) за јавниот автобуски превоз**

***Опис:*** Во насока на подобрување на јавниот автобуски превоз за граѓаните на општианта, ќе се постават нови модерни автобуски постојки (стојалишта) на автобуските релации 63 и 66.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022 година

**Проект 2.6.3**

**Поголема искористеност на железничкиот јавен транспорт до Скопје**

***Опис:*** Со цел збогатување на понудата за јавен превоз, Општината во соработка со ТАВ Македонија, преку Владата на РМ и раководството на Македонски железници ќе иницира изградба на крак на железничката пруга од железничката станица Илинден до меѓународниот аеродром Скопје.

Дополнително во насока на побезбеден патен сообраќај ќе се изврши целосно обезбедување и реконструкција на железничките премини во населените места Илинден, Миладиновци и Дељадровци.

***Извор на финансирање:*** Влада на РМ, Министерство за транспорт и врски, Македонски железници и Агенција за цивилно воздухопловство

***Период на реализација:*** 2026 година

## ***КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на комуналната инфраструктура и услуги се следните:

***Цел 3.1 – ПРОШИРЕН ОПФАТ И ЗГОЛЕМЕН КВАЛИТЕТ НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА***

- % од населението со пристап до водоводна мрежа.

***Цел 3.2 - ПРОШИРЕН ОПФАТ НА КАНАЛИЗАЦИСКАТА МРЕЖА***

- % од населението со пристап до канализациска мрежа;
- % од улици со изведена атмосферска канализација.

***Цел 3.3 – ЧИСТА И ФУНКЦИОНАЛНА КАНАЛСКА МРЕЖА***

**-** *должина на исчистена каналска мрежа во тек на една календарска година.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 3.1.1**

**Модернизација и проширување на водоводниот систем**

***Опис:*** Реконструкција, рехабилитација и модернизирање на системот за водоснабдување сè со цел обезбедување на стабилен и оптимален проток на чиста, квалитетна и здрава вода за пиење, со приоритет на главните водоводни линии во Општината.

Проектот ќе опфати:

- реконструкција на дотраени водоводни линии со нови полиетиленски цевки;
- замена на постоечките водомери со нови водомери со далечинско отчитување;
- изградба на нов резервоар за водоводниот систем „Окта“;

- замена на дотраении нефункционални делови од водоводната инсталација (шибер вентили);
- изградба на хидранти во сите населени места;
- изградба на кружен систем за водоснабдување;
- изградба на лабораторија за контрола на квалитетот на водата од системот за водоснабдување;
- воведување на  СКАДА систем;
- набавка на цистерна за вода.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2025 година

**Проект 3.2.1**

**Изградба на фекална и атмосферска канализација во Илинден, Марино, Кадино Миладиновци, Мралино и другите населени места**

***Опис:*** Проектот предвидува продолжување, изградба на фекална и атмосферска канализација во сите населени места во Општината, со приоритет на населените места во најниските делови на општината кои се подложни на високо ниво на подземни води .

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината, Буџет на РМ, донации/странска помош

***Период на реализација:*** 2022–2026 година

**Проект 3.3.1**

**Одржување на каналската мрежа**

***Опис:*** Проектот опфаќа редовно чистење и одржување на каналската мрежа на територијата на Општината, со цел заштита на имотите на граѓаните од поплави.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022-2066, континуирано

***<u>ЖИВОТНА СРЕДИНА</u>***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на животната средина се следните:

***Цел 4.1 – ЗГОЛЕМЕНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ***

- *пошумени површини во хектари;*
- *% на зелени површини во населените места.*

***Цел 4.2 - СООДВЕТЕН ТРЕТМАН НА ЦВРСТИОТ ОТПАД***

- *% на население со пристап до управување со цврст отпад.*

***Цел 4.3 - ПОГОЛЕМА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА***

- *број на денови во годината со прекумерно загадување на воздухот.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 4.1.1**

**Зелена Општина**

***Опис:*** Проектот предвидува засадување на минимум 7,000 автохтони, неалергени садници годишно. Секое семејство од општината ќе добие можност за засадување на една садница годишно на претходно утврдена локација за пошумување. Со проектот се предвидува оплеменување на локации во руралните површини како и уредување на јавни површини во урбаните делови на Општината.

***Извор на финансирање:*** Буџет на пштината и други извори.

***Период на реализација:*** 2022-2026, континуирано

**Проект 4.1.2**

**Зазеленување на јавните површини во населените места - хортикултурно уредување на 30% од површините**

***Опис:*** Проектот предвидува хортикултурно уредување со засадување трева, нискостеблести и жбунести садници на најмалку 30% од јавните површини во населените места во Општината.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022-2026, континуирано

**Проект 4.2.1**

**Управување со комунален отпад**

***Опис:*** Проектот предвидува управување со комуналниот отпад преку воспоставување на рециклирање и намалување на количините на отпад кои се депонираат, потоа имплементирање на систем за примарна селекција на отпадот на ниво на Општина и поставување на собирачи за отпад во сите населени места. Дополнително, во рамки на проектот ќе биде решено и прашањето со био-отпадот, палењето на стрништа и компостирањето на отпад. Посебен дел од проектот ќе обезбеди воспоставување на површински систем за собирање на цврст отпад од каналите и речните корита во Општината, рециклажа на интерен отпад (градежен шут) и слично.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2024 година

**Проект 4.3.1**

**Подигнување на јавната свест за животната средина**

***Опис:*** Заради подигнување на јавната свест на населението и деловните субјекти во Општината за зачувување на животната средина, Општината континуирано ќе изведува информативно-едукативни активности во рамки на една континуирана кампања за подигнување на јавната свест. Во текот на реализација на проектот, особен акцент ќе биде ставен на соработка помеѓу градинките и училиштата со Општината.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022–2024 година

**Проект 4.3.2**

**Субвенции  за набавка на инвертер клими**

***Опис:*** Проектот ќе опфати поддршка за домаќинствата кои се загреваат на цврсти горива, со цел замена на дрвото и јагленот како енергенси, со топлотни инвертер клими. Општината ќе додели финансиска помош на 100 домаќинства за набавка на инвертер клими во висина не повеќе од 10.000 денари по клима уред по принципот „прв дојден прв услужен“.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2024 година

**Проект 4.3.3**

**Гасификација на стопанските објекти**

***Опис:*** Проектот предвидува воведување на инсталации за стопанските објекти во локалните економски зони.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2026 година, континуирано

**Проект 4.3.4**

**Субвенционирање за набавка на велосипеди**

***Опис:*** Заради намалување на емисијата на издувни гасови и поддршка на одржливи и незагадувачки транспортни средства, Општината ќе додели финансиска помош за набавка на велосипеди на 1000 жители. Финансиската помош ќе биде во висина од најмногу 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 4.000 денари по велосипед.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината, донации

***Период на реализација:*** 2022–2026 година, континуирано

**Проект 4.3.5**

**Чистење на речните корита**

***Опис:*** Проектот предвидува редовно годишно чистење и одржување на речните корита во Општината поради заштита на имотите на граѓаните од поплави.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022-2026, континуирано

**Проект 4.3.6**

**Рестартирање на мерната станица за квалитет на воздух во Миладиновци и поставување нова во Илинден**

***Опис:*** Проектот предвидува сервисирање и повторно ставање во употреба на мерната станица за квалитет на воздухот во Миладиновци, која е во рамки на системот на мерни станици на Министерството за животна средина и просторно планирање, како и набавка и поставување на нова мерна станица во населеното место Илинден.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината, Министерство за животна средина и просторно планирање, Рафинерија ОКТА

***Период на реализација:*** 2023-2024 година

***ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на енергетската ефикасност се следните:

***Цел 5.1 – ЗГОЛЕМЕНА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА***

- % од училиштата со ЕЕ фасади.

***Цел 5.2 - ЗГОЛЕМЕНА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ЖИВЕАЛИШТАТА***

**-** број на објекти со поставени фотоволтаици.

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 5.1.1**

**Изведба на ЕЕ фасади на основните училишта во Илинден, Миладиновци и Кадино**

***Опис:*** Проектот предвидува промена на постоечките со енергетско-ефикасни фасади на основните училишта во населените места Илинден, Миладиновци и Кадино.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2026 година

**Проект 5.2.1**

**Субвенции на домаќинствата за поставување соларни панели**

***Опис:*** Во рамки на проектот ќе биде обезбедена финансиска поддршка на домаќинствата за набавка и вградување на соларни панели за сопствени потреби.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2024 година

**ОБРАЗОВАНИЕ**

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на образованието се следните:

***Цел 6.1 – ПОДОБРЕНИ РАБОТНИ УСЛОВИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА***

***Цел 6.2 – КРЕИРАНИ УСЛОВИ ЗА ПОДОЛГ ПРЕСТОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ***

- *Број на ученици опфатени со целодневна настава.*

***Цел 6.3 - ЗГОЛЕМЕНА ИНКЛУЗИВНОСТ ВО УЧИЛИШТАТА***

**-** *% од училиштата кои располагаат со сензорна соба.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 6.1.1**

**Реконструкција и опремување на основните училишта**

***Опис:*** Проектот предвидува реконструкција на дел од фасадата на трите основни училишта во Општината и замена на сите надворешни врати и прозорци. Дополнително се планира опремување со училишен ентериер на училниците, како и санација на училишните објекти оштетени од влијанието на подземните води.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2023–2025 година

**Проект 6.1.3**

**Изградба на заштитни огради околу основните училишта**

***Опис:*** Поради поголем степен на безбедност на учениците, проектот предвидува изградба на заштитни огради околу трите основни училишта во Општината.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2023–2026 година

**Проект 6.1.4**

**Реконструкција на кровната конструкција на основното училиштето во Кадино и подрачното основно училиште во Текија**

***Опис:*** Проектот предвидува реконструкција на постојната азбестна кровна конструкција во основното училиште во Кадино и нејзина замена со нова. Дополнително се планира реконструкција на дел од кровната конструкција и на подрачното основно училиште во Текија.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2023-2024 година

**Проект 6.1.5**

**Реконструкција на Спортската сала во ООУ „Браќа Миладиновци“**

***Опис:*** Проектот предвидува реконструкција на спортската сала во ООУ „Браќа Миладиновци“, пред сè за поквалитетна настава на учениците по предметот физичко и здравствено образование, како и реализација на рекреативен спорт во попладневните часови.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2023-2024 година

**Проект 6.1.6**

**Изградба на паркинг за возила во основното училиште во Илинден**

***Опис:*** Поради заштита на локалното зеленило, подобрување на безбедноста на учениците и на севкупните услови за работа во основното училиште во населеното место Илинден, проектот предвидува изградба на паркинг кој ќе биде лоциран во предниот и задниот дел од училишниот двор.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2024 година

**Проект 6.1.7**

**Набавка на смарт табли за основните училишта во Општината**

***Опис:*** Поради зголемување на квалитетот на наставно-образовниот процес и подобрување на условите за работа во основните училишта во Општината, во рамки на проектот се предвидува набавка и поставување на смарт табли во основните училишта.

***Извор н афинансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2024 година

**Проект 6.2.1**

**Воведување на целодневна настава во општинското основно училиште во Илинден**

***Опис:*** Проектот предвидува започнување на процес на воведување на целодневна настава, односно продолжен престој на учениците од прво до трето одделение во училиштата во Општината, започнувајќи со воведување на ваков вид на настава во основното училиште во Илинден.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–

**Проект 6.3.1**

**Обезбедување на сензорна соба во општинското основно училиште „Гоце Делчев“**

***Опис:*** Проектот предвидува определување на една просторија во секое основно училиште и градинка на територијата на Општината, како и нејзино опремување со соодветни помагала и материјали поради обезбедување на инклузивност во воспитниот и образовниот процес.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2023 година

**_ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА_**

Конкретна цел и нејзините клучни индикатори во областа на здравствената заштита се следните:

***Цел 7.1 – ОВОЗМОЖЕНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА СЕКУНДАРНО НИВО***

*- достапност до секундарно здравствена заштита;*

*- достапност до дежурна лекарска служба.*

За остварување на оваа конкретна цел, предвидени се следните проекти:

**Проект 7.1.1**

**Изградба на Здравствен дом и воспоставување на дежурна служба и Итна медицинска помош**

***Опис:*** Проектот опфаќа ангажман на Општина Илинден за изградба и реконструкција на Здравствен дом на територија на општината кој ќе содржи примарна здраствена заштита, стоматолог, офталмолог, интернист, гинеколог, педијатар, училишна амбуланта, лабораторија и аптека. Во рамки на Здравствениот дом предвидено е воспоставување на дежурна служба и служба на Итна медицинска помош со амбулатно возило сѐ со цел навремено извршување на здравствените услуги неопходни за жителите на Општина Илинден.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општина, Буџет на РМ, донации/странска помош

***Период на реализација:*** 2023–2025 година

## ***СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на социјалната заштита се следните:

***Цел 8.1 – ЗГОЛЕМЕНА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛСТВОТО***

- *Број на дадена еднократна помош за новороденчиња;*
- *% од деца до 6 години згрижени во градинки.*

***Цел 8.2 – ЗГОЛЕМЕНА ПОДДРШКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ***

- *Број на лица со инвалидност, корисници на бесплатен превоз;*
- *Број на лица со попреченост, корисници на дневниот центар.*

***Цел 8.3 – ЗГОЛЕМЕНА ПОДДРШКА НА РАНЛИВИ И СОЦИЈАЛНИ КАТЕГОРИИ***

- *Број на поддржани ученици од ранливи и социјални категории;*
- *број на еднократна парична помош доделена во случаи на тешка болест и непогоди.*

***Цел 8.4 – ЗГОЛЕМЕНА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА НАЈВОЗРАСНИТЕ***

**-** *број на оперативни пензионерски клубови.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 8.1.1**

**Финансиска поддршка за секое новороденче**

***Опис:*** Со цел стимулирање на наталитетот општината ќе обезбеди еднократна парична помош за секое новороденче во Општина Илинден.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општина, Централен буџет, донации/странска помош

***Период на реализација:*** 2022 – 2026, континуирано

**Проект 8.1.2**

**Изградба на нова градинка**

***Опис:*** Поради евидентната потреба за згрижување на децата од предучилишна возраст, проектот предвидува изградба на нова детска градинка во Општината.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2024 година

**Проект 8.1.3**

**Проширување и реконструкција на градинката во Марино**

***Опис:*** Со цел да се зголеми опфатот на деца од предучилишна возраст и да се задоволи потребата на родителите за згрижување на нивните деца, во рамките на проектот ќе биде извршено проширување на постојниот капацитет на детската градинка во Марино, а воедно и замена на кровот со можност на монтирање на фотоволтаици. Се планира изградба и опремување на сензорна соба во градинката.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2023 година

**Проект 8.2.1**

**Отворање на социјален клуб за лица со попреченост**

***Опис:*** Проектот предвидува отворање и опремување на социјален клуб за лица со попреченост, дополнителна поддршка на родителите на овие лица, унапредување на вештините и подобра инклузија во секојдневието на самите лица со попреченост.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината, Буџет на РМ, донации

***Период на реализација:*** 2022–2023 година

**Проект 8.3.1**

**Набавка на ИТ опрема за ученици од ранливи и социјални категории**

***Опис:*** Проектот опфаќа набавка на ИКТ уреди (лаптопи, таблети, Wi-Fi приемници, SIM картички за интернет, итн.) за ученици од ранливите и социјалните категории на семејства на територијата на Општина Илинден.

***Извор на финансирање :*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022-2026 година

**Проект 8.4.1**

**Поддршка во работењето на пензионерските клубови**

***Опис:*** Во рамките на проектот ќе биде стимулирана работата на пензионерските здруженија и ќе бидат поддржани активностите на пензионерските клубови преку обезбедување на соодветни услови.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022 – 2026, континуирано

**Проект 8.5.1**

**Пристапни рампи – право на секое лице со инвалидитет**

***Опис:*** Лицата со инвалидитет имаат основно загарантирано право на физички пристап до јавните институции на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции, кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2022 – 2026, континуирано

***КУЛТУРА***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на културата се следните:

***Цел 9.1 - ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА ВО ДОМОВИТЕ НА КУЛТУРА***

- *% од домовите на културата кои располагаат со соодветни просторни услови.*

***Цел 9.2 – ЗГОЛЕМЕНА КУЛТУРНА ПОНУДА ВО ОПШТИНАТА***

**-** *број на културни манифестации во општината во календарска година.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 9.1.1**

**Санација на културните домови**

***Опис:*** Во рамки на проектот ќе биде извршена санација и тековно одржување на сите културни домови во Општината.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2023 - 2026 година

**Проект 9.2.1**

**Организирање и поддршка на културни манифестации во општината**

***Опис:*** Со цел зголемување на културната понуда во Општина Илинден, се организира манифестацијата „Денови на културата“ со настапи на наши локални уметници, детски матинеа за учениците како и настапи на истакнати писатели. Дополнително Општината ќе ја поддржат Здруженија и други правни лица за комплетно и богато одржување на културни манифестации.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022 – 2026, континуирано

***<u>СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА</u>***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на спортот и рекреација се следните:

***Цел 10.1 – ПОДОБРЕНА ПОСТОЈНА И ИЗГРАДБА НА НОВА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА***

- *број на места за седење на трибини на спортски терени;*
- *должина на изградени велосипедски патеки.*

***Цел 10.2 – ОБЕЗБЕДЕНИ СТАБИЛНИ УСЛОВИ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ***

- *број на активни спортисти (индивидуални и во спортски клубови);*
- *% од населението со пристап до спортски игралишта;*
- *% од населението со пристап до детски игралишта.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 10.1.1**

**Изградба на мал стадион со трибина во Илинден**

***Опис:*** Проектот опфаќа поставување на систем за дренажа, реконструкција на тревната површина, изградба на нова ограда, изградба на трибини во цетралниот дел со модерни соблекувални, административни и помошни простории.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори

***Период на реализација:*** 2025 година

**Проект 10.1.2**

**Изградба на трим патеки за велосипедизам и рекреација на Ајватовски рид**

***Опис:*** Заради поголема искористеност на туристичкиот потенцијал кој го поседува Ајватовски рид, ќе бидат изработени програма и проект за изградба на трим патеки за планински велосипедизам на Ајватовски рид за рекреација на сите граѓани. Постои можност за „искористување“ на поволната локација на Ајватовски рид за создавање на терени за параглајдерство, змејарство и други рекреативни содржини.

***Извор на финансирање:*** Буџет наопштината и други извори

***Период на реализација:*** 2022–2024 година

**Проект 10.1.3**

**Изградба на велосипедски патеки**

***Опис:*** Во рамки на проектот е предвидена изработка на техничка документација и изградба на велосипедски патеки на територија на Општина Илинден.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2023 - 2026 година

**Проект 10.1.4**

**Туристички локалитет „Бучинско езеро“**

***Опис:*** Во рамките на проектот е предвидено просторот околу акумулацијата „Бучинско езеро“ да се уреди со пешачка патека, мост и летниковци. Проектот ќе овозможи зголемување на понудата на рекреативно-туристички места во Општината. (Проектот ќе се реализира во зависност од статусот на имотно-правните односи на земјиштето околу езерото).

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и други извори на финасирање

***Период на реализација:*** 2023 - 2026 година

**Проект 10.1.5**

**Реконструкција на постојните и изградба на нови детски игралишта со инклузивни реквизити**

***Опис:*** Поради подобрување на условите за рекреација на најмладата популација, Општината ќе ги реконструира сите постојни детски паркови, односно игралишта во населените места, преку набавка на реквизити за игралиштата и нивно уредување. Дополнително, во рамките на проектот е предвидена и изградба на ново детско игралиште со инклузивни реквизити погодни за деца со пречки во развојот.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период нареализација:*** 2022–2024 година

**Проект 10.2.1**

**Финансиска поддршка на спортски клубови, индивидуални спортисти и училишниот спорт**

***Опис:*** Општина Илинден континуирано, преку своите годишни програми во областа на спортот, ќе обезбеди финансиска поддршка за индивидуални спортисти и спортски клубови/колективи на подрачјето на Општина Илинден.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022 – 2026, континуирано.

**Проект 10.2.2**

**Училишен летен камп:**

***Опис:*** Општина Илинден ќе изврши организирање на летен камп за најуспешните 50 ученици (спортисти, првенци на генерација, носители на награди од различни училишни натпревари) во некој од македонските туристички центри.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022 – 2026, континуирано.

**_БЕЗБЕДНОСТ_**

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на безбедноста се следните:

***Цел 11.1 – ПОКРАТКО ВРЕМЕ НА РЕАКЦИЈА ПРИ ПОЖАРИ***

- *функционална противпожарна станица со ПП возило;*
- *просечно време на реакција при пожар.*

***Цел 11.2 – ЗГОЛЕМЕНО НИВО НА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ***

**-** *оперативна полициска станица.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 11.1.1**

**Отворање на противпожарна станица или единица на противпожарно одделение**

***Опис:*** Во соработка со Град Скопје и останатите институции Општина Илинден ќе иницира отворање и соодветно опремување на противпожарна станица на територија на општината, со едно противпожарно одделение и комплет опрема за заштита и гаснење на пожари. Дополнително ќе се поддржи работата на Општинскиот противпожарен сојуз „Илинден“

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината, Град Скопје и други извори на финасирање

***Период на реализација:*** 2023 – 2025 година

**Проект 11.2.1**

**Отворање на полициско одделение**

***Опис:*** Во соработка со Министерството за внатрешни работи, Општина Илинден ќе иницира отворање и соодветно опремување на полициско одделение на територија на општината со цел подигање на степенот на безбедност на граѓаните и деловните субјекти во општината.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината, Министерство за внатрешни работи

***Период на реализација:*** 2022 – 2026 година

**_НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ_**

Конкретна цел и нејзините клучни индикатори во областа на невладините организации се следните:

***Цел 12.1 – ОВОЗМОЖЕНИ СТАБИЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИОТ НВО СЕКТОР***

- *број на активни НВО во општината;*
- *вредност на поддржани проекти од НВО.*

За остварување на оваа конкретна цел, предвидени се следните проекти:

**Проект 12.1.1**

**Поддршка на НВО секторот**

***Опис:*** За да го помогне развојот и активностите на локалниот невладин сектор, Општина Илинден ќе обезбеди соодветен работен простор кој ќе го даде на бесплатно користење на невладините организации од општината. Дополнително ќе се оформи локален младински Совет во општината кој ќе учествуваа во функционирањето на локалната самоуправа.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022 година

**Проект 12.1.2**

**Финансиска поддршка на предлог-проекти од локалниот НВО сектор**

***Опис:*** Со проектот е предвидена финансиска поддршка на Општина Илинден во форма на грантови и кофинансирање на проекти предложени од локалните невладини организации, а кои се од интерес на локалната заедница.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022 – 2026, континуирано

***<u>УСЛУГИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА</u>***

Конкретни цели и нивните клучни индикатори во областа на услугите на локалната самоуправа се следните:

***Цел 13.1 – ПОГОЛЕМА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА ЛОКАЛНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА***

**-** *број на вработени во локалната самоуправа на 1000 жители.*

За остварување на овие конкретни цели, предвидени се следните проекти:

**Проект 13.1.1**

**Примена на стандарди за професионалност и ефикасност на администрацијата**

***Опис:*** Проектот опфаќа создавање на професионална, мотивирана и услужно ориентирана општинска администрација, преку максимизирање на капацитетите на постоечката администрација, нејзина допрофесионализација и примена на системот на кариера, заснован единствено на принципот на мерење на ефектот од секој административен службеник и напредок во кариерата соодветно на тој ефект.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината

***Период на реализација:*** 2022 година

**Проект 13.1.2**

**Европа во мојата општина**

***Опис:*** Проектот опфаќа иницирање и воспоставување соработка со општини од земји членки на Европската Унија, како и општини од земјите од нашиот регион.

***Извор на финансирање:*** Буџет на општината и Меѓународни финасиски институции

***Период на реализација:*** 2022 година

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Реализацијата на стратешкиот план започнува со неговото усвојување од страна на Советот на општината, со што истиот се стекнува со легитимитет на највисок развоен стратешки документ од локално значење.

Разработката на планираните активности, односно проектите од стратешкиот план, се врши од страна на стручните служби на општината и затоа истите се задолжуваат да подготват петгодишна секторска програма за реализација на планот, сегрегирана по календарски години, а во која задолжително ќе бидат идентификувани:

- сите потребни активности за секој проект одделно;
- календарска/и година/и и квартал(и) во кој ќе се реализираат предвидените активности, и
- потребни финансиски средства за реализација на истите.

Петгодишните секторски програми за реализација се доставуваат до и истите ги одобрува Градоначалникот, а потоа врз база на одобрените програми, стручните служби ги изработуваат секторските годишни планови за секоја календарска година. Дополнително, информацијата во однос на потребните финансиски средства и набавки, кои е потребно да се извршат, се доставуваат до одделението за финансии и буџет, со цел да бидат земени предвид при подготовката на годишните буџети на Општината во периодот 2023-2026 година.

### План за следење и набљудување

Одделението за ЛЕР ќе биде надлежно за следење на реализацијата, набљудување и известување за степенот на реализација на стратешкиот план, поради што е неопходна соодветна и континуирана соработка со останатите служби во општината. Во соработка со нив, а врз база на изготвените секторски програми за имплементација, одделението за ЛЕР ќе изработи ***План за следење и набљудување*** кој опфаќа обезбедување на почетни параметри за секој од 54-те индикатори на цели, како и претпоставени (посакувани-таргет) параметри на индикаторите за секоја календарска година одделно.

Следењето и набљудувањето на реализацијата на стратешкиот план главно ќе се врши од два аспекти, и тоа:

- процент на реализација на предвидените проекти;
- годишно следење на промената на параметрите на индикаторите на цели.

Активностите од Планот за следење и набљудување се извршуваат на квартално ниво, односно во текот на годината, одделението за ЛЕР одржува редовни тримесечни

средби со останатите секторски тимови во општината на коишто се информира за тековните моменти од спроведувањето на стратешкиот план, за постигнатите резултати и за промената на параметрите на индикаторите на цели. Со овој процес, се овозможува континуирано и рамномерно следење и контрола на реализацијата на стратешкиот план во текот на сите пет години од неговиот плански период.

**Годишен извештај за степенот на реализација на стратешкиот план**

Во текот на секоја година од спроведувањето на стратешкиот план, се изготвува Годишен извештај кој го доставува Градоначалникот до Советот на општината. Согласно насоките за следење и набљудување, Годишниот извештај задолжително содржи информации за процентот на реализацијата на предвидените проекти за таа календарска години, причините за нереализација на одредени проекти и преглед на трендот на индикаторите на цели. Покрај овие информации, Годишниот извештај треба да содржи и анализи на степенот на реализација на секоја петгодишна секторска програма одделно, што ќе овозможи Градоначалникот на општината да може да даде насоки и инструкции, односно доколку е потребно да преземе мерки за поттикнување и поддржување на поефективна реализација на предвидените активности во следната година.

**Финален извештај за реализација на стратешкиот план**

По завршување на планскиот период во 2026 година, врз база на изработените годишни извештаи, одделението за ЛЕР е должно да изработи сумарен финален извештај со конечна оцена на целокупната реализација на стратешкиот план. Заради избегнување на субјективност и пристрасност , се препорачува конечната оцена да биде направена од надворешни независни експерти.

Идентично како и во случајот со годишните извештаи, така и финалниот извештај се доставува на одобрување до Градоначалникот, а потоа и на усвојување до Советот на општината.

## СОДРЖИНА

Вовед ............... 3

Обраќање на градоначалникот Георгиевски ............... 5

Кратка информација за Општина Илинден ............... 6

Пристап и методологија ............... 7

*Фази на изработа на стратешкиот план*

Елементи на стратегијата ............... 10

*Визија, мисија, СВОТ анализа и стратешки области*

Преглед на стратешките области, клучните цели, индикаторите и проектите ............... 14

- *Локален економски развој*
- *Урбанизам, патна инфраструктура и транспорт*
- *Комунална инфрастуктура и услуги*
- *Животна средина*
- *Енергетска ефикасност*
- *Образование*
- *Здравствена заштита*
- *Социјална заштита*
- *Култура*
- *Спорт и рекреација*
- *Безбедност*
- *Невладини организации*
- *Услуги на локалната самоуправа*

Реализација на стратешкиот план ............... 48